KOALICIONI КОАЛИЦИЈА KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

---

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки


### Коалиција „Сите за правично судење“

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


Септември, 2021

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 02.09.2021 година, на рочиштето за главна расправа постапката започна одново поради промена на член на судечки совет. Странките ги дадоа своите воведни говори.

На 07.09.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што еден обвинет не беше спроведен од куќен притвор.

На 13.09.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјалните докази предложени од јавното обвинителство и одбраната на обвинетите.

На 21.09.2021 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на една обвинета од здравствени причини.

На 24.09.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан сведок, предложен од страна на обвинителството и одбраната.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 30.09.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведувани материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител и одбраната.

## „ПЛАЦЕВИ НА ВОДНО“ КОК-63/21

На 02.09.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител.

На 10.09.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјалните докази предложени од јавното обвинителство.

На 14.09.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјалните докази предложени од јавното обвинителство.

На 17.09.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјалните докази предложени од јавното обвинителство.

На 27.09.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

## „ТИТАНИК 2“ КОК-62/17

На 01.09.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше утврден редоследот на испитување на сведоците предложени од страна на одбраната.

На 20.09.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани три сведоци предложени од одбраната.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 03.09.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

### „ЕРАЗМУС“ КОК-65/21

На 03.09.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден обвинет и бранител.

### „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 06.09.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетите и нивните бранители.

### „ЧЛЕН НА СУДЕЧКИ СОВЕТ З.Т.“ КОК-27/21

На 06.09.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден обвинет и дел од бранителите од здравствени причини.

### „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 07.09.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради промена на судија во судечкиот совет.

### „ДИАМЕД“ КОК-44/21

На 20.09.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни говори од странките.

### „ДРУМАРИНА “ К-2799/20

На 22.09.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјалните докази предложени од јавното обвинителство.

На 29.09.2021 година, судењето започна од почеток поради промена на членови на судечкиот совет. Постапката продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство.

### „КАМПАЊА“ К-416/21

На 01.09.2021 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради отсуство на обвинетиот.

### „ЈАВНА СОБА“ К-1851/21

На 16.09.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјалните докази предложени од јавното обвинителство.

### „ТАЛИР 2“ К-1413/19

На 02.09.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше утврден редоследот за испитување сведоци предложени од страна на одбраната на обвинетите.

На 28.09.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради поклопување на терминот за судење со друг притворски предмет.

## „КОМИСИЈА“ К-930/18

На 14.09.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден сведок и се изведуваа материјалните докази.

На 21.09.2021 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради немање технички услови за изведување на докази.

## „МАРИГЛЕН“ К-1271/16

На 02.09.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на претставник од канцеларијата на Претседателот на РСМ и отсуство на сведок.